# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ЕСЕ

# ЗА ПЕРИОДОТ

# ЈАНУАРИ 2010 – ДЕКЕМВРИ 2010

**ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЕМАНЦИПАЦИЈА, СОЛИДАРНОСТ И ЕДНАКВОСТ НА ЖЕНИТЕ НА РМ**

## СОДРЖИНА


| | | страница |
|---|---|---|
| I. | **КОМПОНЕНТА I:** ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ВЛАСТИ И ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ НА ЛОКАЛНО НИВО И АНАЛИЗА И РАЗВИВАЊЕ НА ПОЛИТИКИ НА ЛОКАЛНО НИВО | ................3 |
| II. | **КОМПОНЕНТА II:** ПРИСТАП ДО ЛЕКОВИТЕ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО НА ЖЕНИТЕ СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА ЛЕКОВИТЕ ЗА ОСТЕОПОРОЗА И ХОРМОНАЛНИ ПРЕПАРАТИ........................... | ...............8 |
| III. | **КОМПОНЕНТА III:** ПРОМОВИРАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖЕНСКИТЕ ЧОВЕКОВИ ПРАВА ПРЕКУ СЛЕДЕЊЕ НА НИВНАТА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА НАЦИОНАЛНО НИВО.... | ..............10 |
| IV. | **КОМПОНЕНТА IV:** АКТИВНОСТИ ЗА ПРИБИРАЊЕ НА СРЕДСТВА............................ | ...............12 |
| V. | **КОМПОНЕНТА V:** ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ДИРЕКТНИ УСЛУГИ ЗА РАНЛИВИ КАТЕГОРИИ НА ЖЕНИ.................................................................. | ..............13 |
| VI. | **КОМПОНЕНТА VI:** УНАПРЕДУВАЊЕ НА РОМСКО ЗДРАВЈЕ...................................... | ..............15 |
| VII. | ОРГАНИЗАЦИСКИ РАЗВОЈ........................................................... | ..............16 |
| VIII. | ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА 2010 ГОДИНА............................... | ..............18 |

## I КОМПОНЕНТА:

## ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ВЛАСТИ И ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ НА ЛОКАЛНО НИВО И АНАЛИЗА И РАЗВИВАЊЕ НА ПОЛИТИКИ НА ЛОКАЛНО НИВО(општина Кочани и Тетово)

Во рамките на оваа програмска компонента реализирани се активности структурирани во следните две под компоненти, и тоа:

1. **Јакнење на капацитетите на локалните власти и граѓански организации на локално ниво и**
2. **Анализа и развивање на политики на локално ниво.**

**1. Јакнење на капацитетите на локалните власти и граѓански организации на локално ниво**

Оваа под - компонента имаше за цел унапредување на капацитетите на претставниците на локалната администрација, советите на двете општини (Тетово и Кочани), здруженијата на граѓани, како и надлежните институции кои на локално ниво работат на полето на семејно насилство и сексуално и репродуктивно здравје. Градењето на капацитетите се реализираше преку циклус на мултидисциплинарни обуки кои се однесува на стекнување на знаење во однос на: креирање на родово сензитивни и етнички инклузивни политики, споделување на моќта, и знаење за малцинските права, но исто така и стекнување на знаења во однос на двете прашања предмет на интерес и тоа сексуално и репродуктивно здравје и семејно насилство.

На сите горенаведени модули присуствуваа претставници од општинската администрација, надлежни институции (Центри за социјална работа, Сектори за внатрешни работи, Здравствени домови, Центри за јавно здравје, Општи болници), како и членови на здруженија на граѓани кои работат на полињата од интерес на локално ниво во двете идентификувани општини(Тетово и Кочани).На обуките присуствуваа вкупно 59 претставници од гореспоменатите институции и целни групи.

При имплементација на обуките се воспостави одлична соработка на општинско ниво, не само со вклучените општини како единици на локална самоуправа, туку и со сите релевантни чинители од владиниот и граѓанскиот сектор на локално ниво.

2. **Анализа и развивање на политики на локално ниво**

Анализа и развивање на политики за унапредување на **репродуктивното здравје** на локално ниво

По завршувањето на мулти дисциплинарните обуки, се формираа две работни групи со цел нивна понатамошна вклученост во процесот на Анализа и развивање на политики за унапредување на **репродуктивното здравје на населението на локално ниво** во двете идентификувани општини (Кочани и Тетово). Двете работни групи беа составени од избрани претставници од релевантните институции на локално ниво од двете вклучени општини. Во работната група од Тетово беа вклучени претставници од ЈЗУ Здравствен дом – Тетово, ЈЗУ Центар за јавно здравје – Тетово, ЈЗУ Клиничка болница – Тетово, Подрачна служба на Фондот за здравствено осигурување,

општинска администрација и членови на совет на општина Тетово, како и претставници на здруженија на граѓани (Женски форум и Романо суно). Во работната група во општина Кочани беа вклучени претставници од ЈЗУ Здравствен дом – Кочани, ЈЗУ Општа болница – Кочани, ЈЗУ Центар за јавно здравје – Кочани, општинска администрација, членови на совет на општина Кочани, како и претставници на здруженија на граѓани (Европско Кочани, Еднакви за сите и Светла Иднина).

Преку работни средби заедно со секоја од групите беше идентификувано кои податоци се потребни и од кој извор може да се добијат, со цел истите да послужат во подготовка на ситуациона анализа и развивање на локални акциони планови во двете општини. За оваа цел беа подготвени 145 прашања до релевантните установи на локално ниво во двете општини, според Законот за пристап до информации од јавен карактер. Прашањата беа наменети и испратени до локалните самоуправи на општините, како и до јавните здравствени установи на локално ниво во двете општини.

По добивањето на податоците беше подготвена Локална ситуациона анализа за состојбата со сексуалното и репродуктивното здравје на населението во двете општини. Во склоп на ситуационите анализи влегоа и податоците добиени од истражувањето на ЕСЕ за сексуално и репродуктивно здравје на населението во Р. М. Локалните ситуациони анализи послужија како основа за подготовка на Локалните акциони планови за унапредување на репродуктивното здравје на населението во двете општини.

Локалните акциони планови беа подготвени од страна на работните групи во двете општини, кои работеа на подготовката според следната методологија: дефинирање на клучните проблеми и сфери на загриженост по однос на сексуалното и репродуктивно здравје на населението во Општините Кочани и Тетово; одредување на фактори (детерминанти) кои водат до дефинираните проблеми; приоретизација на дефинираните проблеми; дефинирање на цели за решавање на дефинираните приоритетни проблеми; дефинирање на активности за постигнување на одредените цели, при што беа подготвени специфични активности за остварување на секоја одредена цел; дефинирање на буџетски ставки за планираните активности, при што за секоја активност беа дефинирани потребните буџетски ставки; алокација на средства за реализација на планираните активности, при што за секоја буџетска ставка од секоја активност беа алоцирани потребните средства.

Во склоп на оваа програмска компонента беа спроведени и активности за едукација на населението во однос на унапредување на сексуалното и репродуктивното здравје. За таа цел, од страна на ЕСЕ првин се спроведе обука за репродуктивно здравје и техники и методи на едукација за претставници од локалните граѓански организации во Општина Тетово и Кочани. На обуката учествуваа 12 претставници од шест граѓански организации. Обуката беше спроведена со цел со цел истите потоа да спроведуваат едукации за сексуално и репродуктивно здравје помеѓу населението во двете општини. учесниците од граѓанските организации

Со цел успешна и соодветна реализација на едукативните работилници за општата популација беше подготвен соодветен прирачник за едукација.
Едукативните работилници за општа популација за унапредување на сексуално и репродуктивно здравје беа спроведени од страна на претставниците на локалните граѓански организации во двете општини. Целните групи помеѓу кои беа спроведени едукациите беа: млади, девојки и момчиња кои не се во брак и жени во репродуктивен период (од 15 – 49 години). Посебно внимание се обрна за учеството на населението од руралните средини и Ромите во двете општини. Во секоја општина беа спроведени вкупно 5 едукативни настани, односно 10 настани во двете општини.

Анализа и развивање на политики за унапредување на системот на заштита од **семејно насилство** на локално ниво

Паралелно со процесот на анализа и развивање на политики за унапредување на **репродуктивното здравје** на локално ниво се одвиваше и процес на анализа и развивање на политики за унапредување на системот на заштита од **семејно насилство** на локално ниво. Имено, по завршувањето на мултидисциплинарните обуки, се формираа две потесни работни групи (Кочани и Тетово) со цел нивна понатамошна вклученост во овој процес. Двете работни групи беа составени од избрани претставници од релевантните актери од двете вклучени општини . Па така во работната група од Тетово беа вклучени претставници од Центарот за социјална работа од Тетово, Полициска станица –Тетово, општинска администрација и членови на совет на општина Тетово, како и претставници на здруженија на граѓани (Сонце, Женски форум и Златна рака од Тетово). Истото се однесува и за општина Кочани, во чија работна група беа вклучени претставници од Полициска станица -Кочани, Центар за социјална работа - Кочани, ЈЗУ Општа болница Кочани, општинска администрација, членови на совет на општина Кочани, како и претставници на здруженија на граѓани (Европско Кочани, Еднакви за сите и Светла Иднина).

Идентификуваните работни групи во општина Тетово и општина Кочани преку пет работни средби подготвија посебни прашалници со цел добивање на квантитативни податоци во однос на навремено, ефикасно и соодветно постапување на надлежните институции во случаи на семејно насилство и тоа: Полициски станици, Центри за социјална работа, Основни јавни обвинителство, Основни судови (граѓанско и кривично одделение), Здравствени домови/установи и граѓанските организации. Воедно, за добивање на квалитативни податоци, членовите на работните групи заедно со претставник од ЕСЕ подготвија прашалници за спроведување на квалитативни интервјуа со претставник од (МВР, ЦСР, општина и здружение на граѓани).
Во текот на работните средби членовите на работната група и претставник на ЕСЕ ја анализираа достапната документација за буџетските приходи и расходи на локалната самоуправа кои се однесуваат на проблематиката на семејно насилство.

По работните средби следеше процес на доставување на прашалниците и прибирање на податоци од институциите, како и спроведување на квалитативните интервјуа со професионалци. По обработката на сите потребни податоци, здружение ЕСЕ подготви анализи на институционалниот одговор кон семејното насилство во двете општини (Кочани и Тетово).

По подготвените анализи следеше процес на подготовка на Локалните акциски планови за двете општини . Истите беа подготвени од страна на работните групи во двете општини, кои работеа на подготовката според следната методологија: дефинирање на клучните проблеми и сфери на загриженост по однос на сексуалното и репродуктивно здравје на населението во Општините Кочани и Тетово; одредување на фактори (детерминанти) кои водат до дефинираните проблеми; приоретизација на дефинираните проблеми; дефинирање на цели за решавање на дефинираните приоритетни проблеми; дефинирање на активности за постигнување на одредените цели, при што беа подготвени специфични активности соодветни на утврдените цели; идентификување на клучни носители одговорни за реализација на утврдените активности; утврдување на временска рамка за нивна реализација, како и идентификување на индикатори врз основа на кои ќе се следи имплементацијата на локалните акциски планови.

По подготовката на локалните акциски планови, од суштинско значење беше организирањето на настани за нивна поширока промоција. Во секоја од идентификуваните општини беа промовирани и ЛАП за семејно насилство и ЛАП за унапредување на репродуктивното здравје на населението.
Имено, членовите на работната група кои директно беа вклучени во утврдувањето на локалните акции имаа обврска да истите ги презентираат и образложат пред одлучувачките структури од локалните самоуправи во двете општини, пред релевантните институции кои работат на овие полиња, како и пред пошироката публика во двете општини.

Постигнати резултати:

- Подобрено знаење и сензитивност на 59 претставници на локалната власт, невладини организации и релевантни институции од општина Кочани и Тетово за прашања од исклучителен интерес за жените (сексуално и репродуктивно здравје и заштита од семејно насилство)

- Подобрена соработка и координација помеѓу вклучените општини и сите релевантни чинители од владиниот и невладиниот сектор на локално ниво, кои работат на прашањата на сексуално и репродуктивно здравје и заштита од семејно насилство

- Формирани 4 мултиресорски групи - 42 лица (една мултиресорска група за сексуално и репродуктивно здравје и една за заштита од семејно насилство во секоја од општините), и иницирани активности во насока на спроведување на локалните акциски планови за семејно насилство и сексуално и репродуктивно здравје (по една иницијатива во секоја од општините)

- Зајакнати капацитети на група од 12 претставници на граѓанските организации од Кочани и Тетово за прашања поврзани со сексуално и репродуктивно здравје, за понатамошно реплицирање на истите во нивните локални заедници и подигната

јавната свесност на 129 лица (општа популација) на теми за унапредување на сексуално и репродуктивно здравје во општините Кочани и Тетово

- Подготвени анализи за состојбите и имплементација на политиките по однос на семејното насилство и сексуалното и репродуктивно здравје во општина Тетово и општина Кочани

- Подготвени два Локални акциски планови за сексуално и репродуктивно здравје и два Локални акциски планови за семејно насилство (општина Тетово и Кочани)

- Локалните акциски планови (семејно насилство и сексуално и репродуктивно здравје) презентирани и елаборирани на поширок локален форум во Тетово и Кочани (локални власти, администрација, надлежни институции и граѓански организации кои работат на овие прашања ).

## II КОМПОНЕНТА:

## ПРИСТАП ДО ЛЕКОВИТЕ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО НА ЖЕНИТЕ СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА ЛЕКОВИТЕ ЗА ОСТЕОПОРОЗА И ХОРМОНАЛНИ ПРЕПАРАТИ

Втората програмска компонента на програмата за периодот 2010 има за цел да го подобри пристапот на жените кон лековите кои им се потребни за специфични состојби во однос на женското здравје, со посебен акцент на лековите за третман на остеопороза, како и на препаратите со женски полови хормони, кои се користат за третман на различни состојби поврзани со женското здравје.

Во рамките на оваа програмска компонента капацитетите на персоналот на ЕСЕ и на назначениот персонал од Институтот за јавно здравје (партнер во реализирање на овој проект), беа зајакнати со цел соодветна имплементација на проектните активности. За таа цел се одржа еднодневен семинар, на кој предавачи беа експерти од оваа проблематика од Фондот за здравствено осигурување и од Бирото за лекови при Министерството за здравство.
Темите кои се разработија на обуката беа следните: процедури за поставување на лек на позитивна листа, одредување на единствена цена на лековите, одредување на референтни цени на лековите, постапки за регистрација на лек во РМ, одредување на квоти на лекови по аптеки, постапки за рефундирање на средства за купени лекови кои се на позитивна листа, ингеренциите и начинот на работа на Бирото за лекови, законска регулатива поврзана со темите од интерес.

Во рамките на оваа компонента ЕСЕ вршеше мониторинг на процесот на поставување на лековите на позитивната листа, мониторинг на политиките за одредување на цените на лековите кои ни се предмет на интерес, како и мониторинг на одредување на квотите за набавка на лекови кои ФЗО им ги доделува на аптеките. Исто така, вршевме и мониторинг на појавата на недостиг на овие лекови.

Втората подкомпонента се состоеше од утврдување на пропорцијата на приватни плаќања за овие лекови наспроти плаќањата од страна на Фондот за здравствено осигурување. Потребните податоци за оваа анализа беа земени од јавно достапните податоци од оваа сфера, а дел беа добиени преку барања за информации од јавен карактер до Фондот за здравствено осигурување.

Собраните податоци во однос на цените и потрошувачката на лековите на позитивната листа, како и податоците добиени од жените кои ги користат редовно овие лекови, послужија за подготовка на Стратешки документ. Во Стратешкиот документ вклучени се сите наоди и резултати, главните проблеми во однос на пристапноста на лековите за женското здравје, како и заклучоци и препораки во однос на унапредување на пристапот до овие лекови на жените кои имаат потреба од истите. Сите наоди од проектот, како и стратешкиот документ беа презентирани пред релевантните фактори, граѓанските организации, пошироката јавност и претставници на медиумите, а со цел да се покрене свеста за прашањата поврзани со пристапот до овие лекови.

Активности преземени во рамки на оваа програмска компонента резултираа со:

- Подготвена анализа за разликите во референтните и единечните цени на лековите за унапредување на женско здравје (хормонски препарати и лекови за остеопороза), како и анализа на трошоците за овие лекови од страна на ФЗОМ и од страна на граѓаните, која ќе придонесе за донесување на препораки за унапредување на пристапот до истите и

- Подготвен Стратешки документ за пристап до лековите за унапредување на здравјето на жените (остеопороза и хормонални препарати).

## III КОМПОНЕНТА:

## ПРОМОВИРАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖЕНСКИТЕ ЧОВЕКОВИ ПРАВА ПРЕКУ СЛЕДЕЊЕ НА НИВНАТА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА НАЦИОНАЛНО НИВО

Имено, во рамките на процесот на следење на имплементацијата на меѓународните стандарди за заштита на женските човекови права на национално ниво, ЕСЕ спроведе фактичка анализа за положбата на жената во нашата земја соодветно на одредбите на Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жената (КЕДЖ) и заклучните препораки кои Комитетот за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жените на ОН ги упати на нашата држава при поднесувањето на комбинираниот иницијален, втор и трет периодичен извештај во јануари, 2006 год.

Со цел подготовка на истражување по однос на утврдување на степенот и видот на дискриминација на жените во РМ, ЕСЕ подготви сеопфатен прашалник за утврдување на дискриминаторските практики врз жените во сите сфери на општественото живеење. За потребите на истражувањето надворешен експерт подготви репрезентативен примерок од вкупно 1012 испитаници.

Анкетирањето на општата популација го спроведоа 22 анкетари, кои пред да отпочне процесот на анкетирање беа запознаени со целта и основните елементи на истражувањето; содржината на прашалникот, односно детално разработување на неговата содржина и елаборирање на подготвениот репрезентативен примерок и насоки за селекција на единица на примерокот.

Анкетирањето се спроведе во периодот од мај, 2010 до јули, 2010. Покрај активности поврзани со анкетирање на општата популација, во наведениот се спроведоа вкупно девет фокус групи наменети за утврдување на состојбата на ранливите категории на жени. За спроведување на фокус групите, ЕСЕ подготви водичи за дискусии на овие фокус групи и тоа на следните теми: улога на жените во семејството во селска средина; положба на жените над 60 години; положба на жените/девојките со телесна попреченост; положба на жените/девојките со интелектуална попреченост и положба на жените кои водат грижа за лица со интелектуална попреченост. Водичите за дискусии беа подготвени врз основа на одредбите на Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жените ана ОН и нејзините препораки (особено Препорака бр.18 која се однесува на правата на жените со попреченост). Фокус групите беа спроведени во соработка со седум граѓански организации кои работат со ранливи категории на жени.

Врз основа на добиените резултати од спроведеното истражување и фокус групи, ЕСЕ подготви извештај/***анализа за фактичката состојба на жените***, односно состојбата по однос на дискриминацијата врз жените. Содржински овој извештај, односно во рамки на секоја тематска целина дава осврт на утврдената состојба со минатиот извештај во сенка кој го подготви ЕСЕ во 2005 година, како појдовна основа во оценување на прогресот/регресот утврден со прибраните податоци од истражувањето и понатаму ги коментира состојбите утврдени со спроведеното

истражување. Вредно е да се спомене дека овој извештај за прв пат го третира прашањето на жените над 60 годишна возраст и состојбата на жените со попреченост. Извештајот исто така, содржи детална фактичка анализа на состојбата на руралните жени во нашата земја.

Како завршна активности во рамките на оваа програмска компонента на 17 ноември, 2010 година ЕСЕ организираше еднодневна работна средба под наслов "Дали и во која мера државата постапува по Заклучните коментари на Комитетот за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жените". Работната средба имаше за цел разгледување на препораките на Комитетот упатени до РМ во последниот циклус на известување пред ОН и да го оцени постапувањето на нашата држава по однос на упатените препораки. На работната средба учествуваа претставници на граѓански организации од целата држава и други организации кои активно работат на прашањата предмет на интерес на оваа работна средба.

Постигнати резултати:

- Утврден степен на дискриминација на жените во Република Македонија, и на одделни ранливи категории на жени како што се рурални жени, жени над 60 години и жени со попреченост преку спроведување на истражување на 1012 жени и девет фокус групи на различни ранливи категории на жени и

- Подготвен извештај за дискриминација врз жените во Р.М., во согласност со Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација на жените и нејзините препораки.

## IV КОМПОНЕНТА:

## АКТИВНОСТИ ЗА ПРИБИРАЊЕ НА СРЕДСТВА ВО НАСОКА НА РАЗВИВАЊЕ НА ИНДИВИДУАЛНА ФИЛАНТРОПИЈА

Во рамките на оваа програмска компонента ЕСЕ продолжи со реализирање на активностите за развој на индивидуална филантропија и развивање на извори за одржливост на активностите поврзани со обезбедување поддршка на жртвите на семејно насилство.

Во периодот април – јуни, 2010 ЕСЕ подготви и испечати писмо за донации. Писмото за донации е двострано испечатено, односно е подготвено на македонски и англиски јазик. Писмото за прибирање на средства е подготвено на начин на кој овозможува илустрирање на животните стории на жртвите на семејно насилство за чии потреби служат прибраните средства.

Писмата се испратија на поединци (претставници на дипломатскиот кор, поединци, соработници на ЕСЕ) и фирми со пополнета уплатница (освен износот кој примачот сака да го донира) со следната динамика:
- на 27 мај, 2010 беа испратени 102 писма за донации до физички и правни лица;
- на 16 јуни, 2010 беа испратени 100 писма до физички и правни лица;
-на 30 септември, 2010 беа испратени 100 писма за донации до меѓународни организации, физички и правни лица и
- на 06 декември, 2010 година беа испратени 100 писма до физички и правни лица.

Од испратените писма за донации ЕСЕ прибра средства во вкупен износ од 4.800,00 МКД. По приемот на донираните средства, ЕСЕ  подготви и достави писмо за благодарност до сите оние кои донирале за потребите на жените - жртви на семејно насилство.

Постигнати резултати:

- Испратени вкупно 402 писма за донација до меѓународни организации, физички и правни лица и
- Прибрани средства во вкупен износ од 4.800,00 МКД.

## V КОМПОНЕНТА:

## ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ДИРЕКТНИ УСЛУГИ ЗА РАНЛИВИ КАТЕГОРИИ НА ЖЕНИ

### Центар за правна помош- Скопје

Центарот за правна помош во Скопје во тековната година продолжи со своите активности во обезбедување на бесплатна правна помош, застапување, и психосоцијална поддршка. Воедно, Психолошко советувалиште продолжи со советување и третман на жените жртви на семејно насилство .

Во тековната година, вкупно 164 клиенти ги користеа услугите на Центарот за правна помош во Скопје. Од нив, 135 клиенти се обратиле за правна помош, а 59 клиенти се обратиле за психосоцијална помош. Во однос на видот на обезбедената помош најголем број од клиентите се обратиле за правен совет во однос на постапката за развод на брак и издршка (вкупно 93 барања). Потоа, 74 барања се однесуваат на прашања поврзани со издршка на деца; 34 се однесуваат на имотни права ; 20 барања се однесуваат на старателство; 14 се однесуваат на кривична постапка, а пак 25 барање се однесувале на прашања надвор од доменот на работа на центарот (договори, права од работен однос, итн.).

Во текот на 2010 година Центарот бесплатно судски застапувал вкупно пет странки, од кои по еден предмет за старателство и развод на брак, една кривична пријава за нанесување на телесни повреди при семејно насилство и два предмети за изрекување на привремени мерки на заштита од семејно насилство.

Досегашното искуство во обезбедувањето на потребната правна и психосоцијална помош и поддршка во рамки на Центарот за правна помош, како и непосредниот контакт со жртвите на семејно насилство овозможија воочување на позитивните и негативните искуства во однос на постапувањата на надлежните институции во случаи на семејно насилство. Дел од несоодветните постапувања на надлежните институции за жал се уште не се надминати, како што се : неразграничување на појавата на нарушени односи од семејното насилство, непредлагање на привремени мерки за заштита, одолговлекување на судската постапка за изрекување на привремена мерка за заштита, одолговлекување на постапката за развод на брак, затворање на државните засолништа, подведување на актите на семејно насилство под поплака, односно прекршок, итн.

### Психолошко советувалиште за жртви на семејно насилство

Во 2010 година, Психолошкото советувалиште го посетиле вкупно дваесет клиенти. Вкупно реализирани се четириесет и една средба (41) со странките во рамките на советувалиштето.

Во единаесет случаи мотивите за да побараат психолошка помош биле последици од преживеано семејно насилство; во три случаи поради брачни, семејни проблеми и конфликти; во четири случаи поради проблеми поврзани со старателството на децата и во два случаи побарана е психолошка помош поради силување.

Кај деветнаесет од вкупно дваесет странки, било регистрирано психолошко страдање, односно растројство. На овие странки им беше дадена соодветна психолошка интервенција и третман, а дел беа дополнително упатени кај психијатар, или во Завод за ментално здравје. Како резултат на превземените специјализирани интервенции на сите деветнаесет им беше подобрена психичката состојба, и тоа кај три од нив беше надмината кризата во семејството, две од странките ја подобрија својата комуникација на ненасилно ниво, три од нив го напуштија насилникот, а пак тројца од насилниците беа упатени на лекување. Само кај три од странките кои го посетиле психолошкото советувалиште се уште е рано да се измерат ефектите од третманот, односно интервенцијата.

**Женски здравствен информативен центар(ЖЗИЦ)**

Во тек на 2010 година Женскиот здравствениот информативен центар на ЕСЕ продолжи со својата работа, нудејќи стручни и бесплатни здравствени совети и информации, како и директни услуги и помош на клиентите. Во предметната година вкупно 58 клиенти/ки го посетија центарот. Најголем дел од клиентите кои го посетија ЖЗИЦ се жени, додека само 5 клиенти биле мажи. Во однос на тоа од кои причини го посетуваат Центарот, најголем дел од клиентите (46%) се обратиле во центарот за проверка на гликоза, триглицериди и холестерол во крвта, како и за мерење на крвниот притисок; останатите клиенти (43%) се обраќаат во ЖЗИЦ за проблеми поврзани со остеопорозата и за подигнување на препаратот за превенција и третман на остеопорозата "Osteovital" кој бесплатно се дистрибуира на клиентките. Останатите клиентки кои се обратиле во ЖЗИЦ (11%) се обратиле за проблеми поврзани со сексуално преносливите инфекции, контрацепција и останати прашања поврзани со сексуалното и репродуктивно здравје. Од клиентите кои се обратија до ЖЗИЦ за проверка на крвта, во 40% од случаите беше дијагностицирано високо ниво на шеќер во крвта, во 22% од случаите беше дијагностицирано високо ниво на холестерол во крвта, додека кај 23% од случаите беше дијагностицирано високо ниво на триглицериди. Во сите овие случаи, клиентите беа упатувани на преглед кај нивните матични лекари со цел да се направат дополнителни испитувања и дијагнози. Клиентите кои го посетија ЖЗИЦ добија едукативни брошури за Остеопороза и Контрацепција, во зависност од нивната возраст и потребите.

Постигнати резултати :

- Обезбедена бесплатна правна помош и поддршка на 164 жени жртви на семејно насилство и судско застапување за пет жртви на семејно насилство;
- Обезбедено психолошко советување и поддршка на 20 жени жртви на семејно или друг вид на насилство;
- Обезбедени соодветни и квалитетни здравствени информации на 58 жени/ девојки.

# VI КОМПОНЕНТА:

## УНАПРЕДУВАЊЕ НА РОМСКО ЗДРАВЈЕ

Активности во рамките на оваа програмска компонента се дел од проектот „Еднаков пристап до здравствената заштита“ спроведуван од страна на ромската граѓанска организација Месечина од Гостивар, во соработка со ЕСЕ.

Основна цел на проектот, односно програмските активности е зголемување на опфатот на вакцинација на децата Роми во Македонија. Во 2009 година беше спроведено истражување за покриеноста на децата Роми со вакцинацијата, а воедно беше направен и мониторинг на имплементацијата и на буџетските трошоци од Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата во РМ, како и на останатите превентивни програми на Министерството за здравство. Добиените податоци беа искористени за да се подготви извештај од истражувањето, а воедно и да се подготви Policy brief, кој ќе претставува основа за застапување. На почетокот од годината беше спроведен процес на стратешко планирање во однос на подготовка на план за застапување врз основа на кој ќе се врши застапувањето за усвојување на потребните мерки и соодветна алокација на средства насочени кон зголемување на опфатот на децата Роми со вакцинација. Потоа беше направена и комуникациска стратегија со истата цел. Подготвениот Policy brief ги содржеше клучните наоди од истражувањето, како и мерките и активностите кои Министерството за здравство треба да ги преземе за да се зголеми опфатот на децата Роми со вакцинацијата. Policy brief беше основна алатка за застапувањето упатена до Заводот за здравствена заштита на мајки и деца и Министерството за здравство, според однапред подготвената стратегија. На крајот на годината Министерството за здравство усвои најголем дел од препораките и дадените активности, односно истите ги вклучи во Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата во РМ за 2011 година со соодветна буџетска алокација. Во наредната 2011 година останува да се следи како и во колкав обем ќе се имплементираат планираните активности.

Постигнати резултати:

- Спроведено истражување за опфатот на децата Роми со вакцинација и мониторинг на имплементацијата на трошоци од Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата во РМ, како и на останатите превентивни програми на Министерството за здравство и

- Подготвен Policy brief како основа за понатамошно застапување за усвојување на мерки и соодветна алокација на средства насочени кон зголемување на опфатот на децата Роми со вакцинација.

## VII. КОМПОНЕНТА:

## ОРГАНИЗАЦИСКИ РАЗВОЈ

Во рамки на оваа програмска компонента беа планирани и спроведени следните активности поврзани со организацискиот развој на ЕСЕ, и тоа: напредна обука за прибирање на средства; подготовка на план за одржливост и комуникациска стратегија на ЕСЕ за 2011година.

**Обука за прибирање средства**
Оваа обука беше спроведена како составен дел на процесот на подготовка на планот за одржливост на ЕСЕ.

**Подготовка на план за одржливост 2009-2012**
Планот на одржливост на ЕСЕ беше подготвен на дводневна работилница во просториите на ЕСЕ. На неа присуствуваа сите вработени на ЕСЕ, а се одржа со модерирање на претставник на ЦИРА. Работилницата се одржа на 13 и 14, ноември, 2010 година, според однапред утврден дневен ред. По спроведената работилница ЕСЕ ги обработи и анализираше потребните податоци и информации за финализирање на планот за одржливост, односно програмското и финансиското работење на ЕСЕ. Предмет на разгледување беше стратешкиот план на ЕСЕ за 2009-2012, програмите за работа за 2010 и 2011 година, како и плановите за работа за 2012 година.

Како резултат на работилницата ЕСЕ подготви план за одржливост за периодот 2009-2012 година според зададениот формат од страна на ЦИРА. Наедно, беше изменет и дополнет стратешкиот план за работа на ЕСЕ за периодот 2009-2012 година, согласно на спроведените и планирани активности во изминатиот и претстојниот период.

**Подготовка на комуникациска стратегија за 2011 година**
Процесот на подготовка на комуникациска стратегија вклучуваше одржување на еднодневна обука за односи со јавност и дводневна работилница за подготовка на комуникациска стратегија.

Еднодневната обука за односи со јавност се одржа на ден 11 октомври, 2010 година во просториите на ЕСЕ. На обуката присуствуваа дел од вработените на ЕСЕ, а обуката ја одржа Јелена Јаневска. Содржината на обуката беше усогласена со претходно спроведен прашалник посебно подготвен за таа намена. По анализирање на содржината од страна на обучувачот беше утврдена програмата за обучување на вработените во ЕСЕ.

Дводневната работилница за подготовка на комуникациска стратегија се спроведе на ден 04 и 05 декември, 2010 година во просториите на ЕСЕ. На неа присуствуваа дел од вработените на ЕСЕ, двајца вработени отсуствуваа поради боледување. Како резултата на работилницата ЕСЕ подготви комуникациска стратегија за 2011 година во согласност со планираните активности во рамки на програмата за работа за 2011 година. Таа ги содржи следните целини: методологија за изработка на стратегијата; стратешки цели на ЕСЕ за 2011 година; стратешки комуникациски приоритетни цели;

разработка на комуникациски цели, целни групи, потреби на целните групи, пораки и алатки за пренесување на пораките; временска рамка за спроведување на предвидените активности; одговорност за спроведување на стратегијата; потребни финансиски средства за реализирање на активностите и набљудување и оценување на спроведување на стратегијата.

Постигнати резултати:

- Подготвен План за одржливост на ЕСЕ за периодот 2009-2012 година и

- Подготвена Комуникациска стратегија на ЕСЕ за 2011 година.

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА
# РАБОТАТА НА ЕСЕ
# ЗА ПЕРИОДОТ
# ЈАНУАРИ 2010 – ДЕКЕМВРИ 2010

## Приливи за 2010

| Донатор | Износ |
|---|---|
| **Вкупно** | **9,884,196.00** |
| **Пренос на средства од претходната програмска година** | **7,049,027.00** |
| **ЦИРа**<br>(CIVICA) | **1,787,612.00** |
| **ФИООМ**<br>(Фондација Институт Отворено Општество Македонија) | **321,850.00** |
| **EFB**<br>(Европски Фонд за Балканот) | **725,707.00** |

## Приливи за дополнителни проекти за 2010

| Донатор | Износ |
|---|---|
| **Месечина**<br>(Унапредување на Ромско здравје) | **296,408.00** |

## Приливи за консултантски услуги за 2010

| Донатор | Износ |
|---|---|
| **Вкупно** | **1,573,194.00** |
| **CNV**<br>(Национална Федерација на Синдикати – Холандија) | **962,010.00** |
| **Ludwig Boltzmann – Institute for Human Rights**<br>(Институт за човекови права – Австрија) | **221,824.00** |
| **MSI**<br>(Management Systems International - USA) | **232,400.00** |
| **Студиорум** | **156,960.00** |

## Приходи од други извори

| | |
|---|---|
| **Членарини** | **/** |
| **Донации** | **37,800.00 МКД** |
| **Камати** | **85,790.00 МКД** |
| **Сопствени приходи - консултантски услуги** | **18,450.00 МКД** |

## Преглед на реализирани трошоци по програмски компоненти 2010

| Програмски компоненти | Трошоци |
|---|---|
| I. Јакнење на капацитетите на локалните власти и граѓанските организации на локално ниво и анализа и развивање на политики на локално ниво | 1,182,335.00 |
| II. Пристап до лековите за унапредување на здравјето на жените, со посебен осврт на лековите за остеопороза и хормоналните препарати | 307,595.00 |
| III. Промовирање на меѓународните стандарди за заштита на женските човекови права преку следење на нивната имплементација на национално ниво | 547,912.00 |
| IV. Активности за прибирање на средства во насока на развивање на индивидуална филантропија | 20,924.00 |
| V. Организациски развој | 10,989.50 |
| Плати | 2,489,011.00 |
| Оперативни трошоци | 906,750.00 |
| Капитални расходи | 551,522.00 |
| ВКУПНО | 6,017,038.50 |

## Преглед на реализирани трошоци за дополнителни програмски активности за 2010

| Програмски компоненти | Трошоци |
|---|---|
| Обезбедување на директни услуги за ранливи категории на жени | 415,147.50 |
| Унапредување на Ромско здравје | 296,408.00 |
| ВКУПНО | 711,555.50 |